**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 мај 2001 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, пратениците да влезат во салата и да притиснат на едно од копчињата,за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Седумдесет и девет пратеници се присутни и можеме да продолжиме.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Милан Ставрев и Томислав Петровски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата, како што реков, присуствуваат 79 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети, претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница на Собранието ја свикав по барање на пратеничката група на СДСМ за утврдување на престанок на мандат на пратениците Илија Филиповски, Илинка Митрева и Нано Ружин во Собранието на Република Македонија, заради неспоивост на нивните сегашни функции со функцијата пратеник.

Со оглед на прашањето што се предлага да се разгледа на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

83 пратеници гласаа, 79 пратеници гласаа за, двајца гласаа воздржано и двајца гласаа против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

- Утврдување на престанок на мандатот на пратеници во Собранието на Република Македонија поради неспојливото на функцијата пратеник во Собранието со вршење на други јавни функции или професии.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме по предложениот дневен ред.

Гласаа 80 пратеници, 81 пратеник гласаа за, четири гласаа воздржано, еден гласаше против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на точката од дневниот ред.

Согласно член 89 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 6, а во врска со членот 98 став 1 алинеја 3 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, констатирам дека со изборот на Илинка Митрева за министер за надворешни работи и престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи пратеникот Илинка Митрева беше избрана од листа на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно член 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Согласно член 89 став 2 од Уставот на Република Македонија, и член 6 а во врска со член 98 став 1 алинеја 3 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, констатирам дека со изборот на Илија Филиповски за министер без ресор во Владата на Република Македонија, му престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Со поставувањето на Нано Ружин за вонреден и ополномоштен амбасадор шеф на Мисијата на Република Македонија при НАТО, констатирам дека му престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 12,25 часот).